

Никола Герасимов (17. VII 1868 – 2. XII 1927) е македонски революционер, петрички војвода и учител. Учителствувал во Пазарџик, Гевгелија, Штип, Трговиште. Бил учесник во Горноџумајското и во Разлошкото востание. Од 1903 година бил секретар во четата на Александар Протогеров. Учествувал во Балканските и во Првата светска војна, во составот на Бугарската армија.

Никола Герасимов е роден на 17 јули 1868 година во Охрид. Завршил во 1891 година во Солунската машка гимназија. Во 1893 година дипломирал историја на Вишата школа во Софија. Работел како учител во гимназијата во Пазарџик (1893 - 1903).

Герасимов бил активен член е на Македонско-одринската организација, која била создадена од македонската емиграција во Бугарија и имала за цел автономија на Македонија и Одринско. Во есента 1902 година учествувал во Горноџумајското и во

Разлошкото востание.  Од 1903 година бил секретар во четата на Александар Протогеров. Со неа учествувал во битката кај селото Селиште на 14 - 15 април и во Илинденското востание.

По востанието од 1904 година, повторно работел како учител во Трговиште (Ески Џумаја).  Од 1907 година бил директор на гимназијата во градот, се до Првата балканска војна.

Герасимов учествувал во Балканските и во Првата светска војна, во составот на Бугарската армија. По избувнувањето на Балканската војна во 1912 година, тој раководел со партизанска чета на Македонско-одринското ополчение. Заедно со четите на Дончо Златков, Лазар Делев и Тане Николов напредувал по долината на реката Струма. Се борел кај селата Осеново, Сербиново и Сенокос.

По Втората балканска војна во 1913 година, се вратил во Трговиште, каде што бил учител до 1915 година. За време на Првата светска војна, по влегувањето на бугарската армија во Македонија, Герасимов  во 1916 година станал учител во Гевгелија, каде што останал до 1918 година.

По војната се вратил во Трговиште. Во 1923 година, станал директор на гимназијата, а во 1924 година бил избран за претседател на македонското добротворно братство Трговиште.

Во септември 1927 година, тој бил назначен за директор и учител во гимназијата во Орхание, град во Софиската област, но починал неколку месеци подоцна, на 2 декември 1927 година во Софија.



подготвил: Т.К.